Арх.бр. УП1-15 1509/2022
Дата.......16-08-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Прилеп се издаваат **Услови за планирање на просторот за поставување на телекомуникациски вод-оптички кабел кој минува низ КО Ракле, КО Топлица, КО Царевиќ, КО Тројаци, КО Беловодица, КО Плетвар, КО Леништа и КО Прилеп, Општина Прилеп.**

Вкупната должина на трасата изнесува 28.191 км. Должината на трасата за која што се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 27.258 км. Останатиот дел од трасата поминува низ плански опфат за кои се издадени:

-Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензиска пумпна станица и угостителски комплекс на КП 279, 280, 283, 284 и 286, м.в. Бара, КО Лениште, Општина Прилеп со тех. бр. Y26411 и издадено Решение бр. 15-2501/2 од 16.03.2012 год.;

- Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со пратечки објекти ( бензиска пумпна станица и сервисно дистрибутивен центар со пратечки содржини) на КП 135/1, КП 135/2, КП 135/3, КП 136, дел од КП 212, дел од КП 213, дел од КП 137, дел од КП 1913 и дел од КП 1915, м.в. Бара, КО Лениште, Општина Прилеп со тех. бр. Y24212 и Решение бр. 15-7513/5 од 20.09.2012 год.;

- Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за Село Плетвар, Општина Прилеп со тех. бр. Y07816 и решение бр. 15-3911/2 од јуни, 2016 год.

Трасата се сече со трасите на линиски инфраструктури за кои се издадени:

- Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на Автопат Велес-Прилеп со тех. бр. Y19710;

- Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод за делница 2: Кавадарци-Прилеп-Битола со тех. бр. Y20711;


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на пристапен некатегоризиран пат за пристап до концесионо поле, локалитет Тумба, с.Беловодица, Општина Прилеп со тех. бр. Y33214;

- Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за линиска градба-сообраќаен приклучок и пристапен пат од локален пат Л6001955 (стар пат Прилеп-Скопје) до концесиско поле во должина од 35 м, Општина Прилеп со тех. бр. Y21913.

Видот на планската документација да се усогласи со законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y13322** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за поставување на телекомуникациски вод-оптички кабел кој минува низ КО Ракле, КО Топлица, КО Царевиќ, КО Тројаци, КО Беловодица, КО Плетвар, КО Леништа и КО Прилеп, Општина Прилеп, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за поставување на телекомуникациски вод-оптички кабел кој минува низ КО Ракле, КО Топлица, КО Царевиќ, КО Тројаци, КО Беловодица, КО Плетвар, КО Леништа и КО Прилеп, Општина Прилеп, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба на телекомуникациски вод-оптички кабел кој минува низ КО Ракле, КО Топлица, КО Царевиќ, КО Тројаци, КО Беловодица, КО Плетвар, КО Леништа и КО Прилеп, Општина Прилеп, поминува во опфат предложен за заштита научно истражување природен резерват Тројаци-Козјак: ТРОЈАЦИ-КОЗЈАК НИПР (научно-истражувачки резерват-предлог)


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

При изработка на документацијата на предметниот простор потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11,59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 63/16, 113/18 и 151/21)

7. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за поставување на телекомуникациски вод-оптички кабел кој минува низ КО Ракле, КО Топлица, КО Царевиќ, КО Тројаци, КО Беловодица, КО Плетвар, КО Леништа и КО Прилеп, Општина Прилеп**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Општина Прилеп**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 42103 од 29.03.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за поставување на телекомуникациски вод-оптички кабел кој минува низ КО Ракле, КО Топлица, КО Царевиќ, КО Тројаци, КО Беловодица, КО Плетвар, КО Леништа и КО Прилеп, Општина Прилеп.Вкупната должина на трасата изнесува 28.191 км. Должината на трасата за која што се бараат овие Услови за планирање на просторот изнесува 27.258 км. Останатиот дел од трасата поминува низ плански опфат за кои се издадени Услови за планирање на просторот.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за поставување на телекомуникациски вод-оптички кабел кој минува низ КО Ракле, КО Топлица, КО Царевиќ, КО Тројаци, КО Беловодица, КО Плетвар, КО Леништа и КО Прилеп, Општина Прилеп и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1509/2022 од 11.08.2022 година.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за поставување на телекомуникациски вод-оптички кабел кој минува низ КО Ракле, КО Топлица, КО Царевиќ, КО Тројаци, КО Беловодица, КО Плетвар, КО Леништа и КО Прилеп, Општина Прилеп** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР**
**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР**
**Nebi Rexhepi**

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk